

Три жени пешачат низ шума, кога одеднаш наидуваат на голема и брза река. Бидејќи морале да минат на другата страна, првата жена почнала да се моли:

"Боже те молам дај ми сила да ја минам реката!"

И Господ и дал големи раце и силни нозе за да може да ја преплива реката. По 2 часа пливање таа успева да пристигне на другиот брег, но притоа два пати за малку ќе се удавела.

Откако видела што ќе се случело, втората жена почнала да се моли: "Боже те молам дај ми сила и средства за да ја минам реката."

И Господ и дал сплав, големи раце и силни нозе за да може да весла преку реката. По половина час таа стигнала на другиот брег, меѓутоа по пат за малку ќе се превртела.

Гледајќи што се случило со првите две жени, третата се молела: "Боже те молам дај ми сила, средства и интелигенција да ја минам реката."

И Господ ја претворил во маж. Тој отворил мапа, пешачел уште 500 метри нагоре по реката и ја минал преку мост.